# من خلقني؟ ولماذا؟

# Кој ме создал? И зошто?

# Кој ме создал? И зошто?

## Сѐ укажува на постоење на Создателот

Кој ги создал небесата и Земјата и сѐ што постои на нив од грандиозните созданија кои не можеме да ги наброиме?

Кој го создал овој прецизен систем на небото и на Земјата?

Кој го создал човекот, му дал слух, вид и разум и му овозможил да присвојува знаења и да осознава вистини?

Како го објаснуваш ова прецизно создавање на органите во твоето и во телата на живите организми? Кој така креативно ги создал?

Како е организиран и толку стабилен овој грандиозен универзум, со своите закони кои прецизно го уредуваат во текот на сито минато време?

Кој ги поставил овие системи кои владеат на овој свет (животот, смртта, размножувањето, ноќта и денот, промената на годишните времиња итн.)?

Дали овој универзум се создал самиот себеси? Дали се појавил од ништо? Дали настанал случајно?

Зошто човекот верува во работи кои не може да ги види? На пример: перцепцијата, разумот, душата, чувствата и љубовта. Дали можеби е така затоа што ги забележал нивните ефекти.

Како човек го негира Создателот на овој грандиозен универзум, а ги забележува трагите на сè што е создадено и трагите на Неговото создавање и сомилост?!

Никој не прифаќа да му се каже дека оваа куќа само така настанала и дека не ја изградил никој, или дека истата ја создало непостоењето! Како некои луѓе можат да веруваат дека овој голем универзум настанал без Создател? Како еден разумен човек може да прифати да му се каже дека оваа прецизна уреденост настанала случајно?

Возвишениот Господар вели:

(أَمۡ خُلِقُواْ مِنۡ غَيۡرِ شَيۡءٍ أَمۡ هُمُ ٱلۡخَٰلِقُونَ، أَمۡ خَلَقُواْ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضَۚ بَل لَّا يُوقِنُونَ).

„Дали тие без Создател се создадени или тие самите себеси се создадоа?!“ Куран, 52:35-36

## Аллах Славениот и Возвишениот

Постои само еден Господар и Создател. ТОј има бројни имиња и величествени атрибути кои укажуваат на Неговата совршеност. Некои од Неговите имиња се: Создателот, Милостивиот, Снабдувачот, Дарежливиот итн. Името „Аллах“ е најпознатото име на Господарот наш и значи: Единствениот кој со право се обожува и никој не Му е рамен:

Возвишениот во Благородниот Куран вели (1):

﴿قُلۡ هُوَ ٱللَّهُ أَحَدٌ * ٱللَّهُ ٱلصَّمَدُ *لَمۡ يَلِدۡ وَلَمۡ يُولَدۡ *وَلَمۡ يَكُن لَّهُۥ كُفُوًا أَحَدُۢ﴾

Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!
Аллах е прибежиште секому!
Не родил и не е роден,
и никој не Му е рамен!“ Куран, 112:1-4

Тој исто така рекол:

﴿اللَّهُ لا إِلَهَ إِلَّا هُوَ الْحَيُّ الْقَيُّومُ لا تَأْخُذُهُ سِنَةٌ وَلا نَوْمٌ لَهُ مَا فِي السَّمَوَاتِ وَمَا فِي الأَرْضِ مَنْ ذَا الَّذِي يَشْفَعُ عِنْدَهُ إِلَّا بِإِذْنِهِ يَعْلَمُ مَا بَيْنَ أَيْدِيهِمْ وَمَا خَلْفَهُمْ وَلا يُحِيطُونَ بِشَيْءٍ مِنْ عِلْمِهِ إِلَّا بِمَا شَاءَ وَسِعَ كُرْسِيُّهُ السَّمَوَاتِ وَالأَرْضَ وَلا يَئُودُهُ حِفْظُهُمَا وَهُوَ الْعَلِيُّ الْعَظِيمُ﴾

Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател! Не Го обзема ни дремка ни сон! Негово е тоа што е на небесата и на Земјата! Кој може кај Него да се зазема освен со Негова дозвола?! Тој знае што било пред и што ќе биде по нив, и тие не можат да опфатат од Неговото знаење, освен колку што Тој сака! Неговиот Курсиј ги опфаќа и небесата и Земјата, и Нему не Му е тешко да ги одржува! Тој е Севишниот, Величествениот! Куран, 2:255

## Атрибутите на Возвишениот Господар

Господарот е Тој што ја создал земјата, ја подредил и направил истата да е прикладна за Неговите созданија. Тој ги создал и небесните сводови и сите големи созданија во нив. Одредил сонцето, месечината, ноќта и денот да

се дел од прецизен циклус кој укажува на Неговата големина.

Господарот е Тој кој ни го подредил воздухот и за нас нема живот без него. Тој го спушта дождот и ни ги потчинил морињата и реките. Тој нѐ хранеше додека сѐ уште бевме фетуси во утробите на нашите мајки, кога бевме немоќни, овозможи крвта да тече во нашите вени, срцето постојано да отчукува од денот на нашето раѓање па сѐ до денот на смртта.

Аллах, Возвишениот вели:

﴿وَاللَّهُ أَخْرَجَكُمْ مِنْ بُطُونِ أُمَّهَاتِكُمْ لَا تَعْلَمُونَ شَيْئًا وَجَعَلَ لَكُمُ السَّمْعَ وَالْأَبْصَارَ وَالْأَفْئِدَةَ لَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ﴾

„Аллах од стомаците на вашите мајки ве изведува, вие ништо не знаете, и ви дава и слух и вид и разум, за да бидете благодарни." Куран, 16:78

## Обожуваниот Господар поседува атрибути на апсолутна совршеност

Нашиот Создател ни дарувал разум со кој ја перцепираме Неговата големина, во нас ја всадил природноста која укажува на Неговата перфектност и на неможноста да Му се припише недостаток.

Само Возвишениот Аллах треба да биде обожуван, Тој е Совршен и единствено Тој заслужува да биде обожуван. Сѐ друго, што се

обожува освен Аллах е безвредно, непотполно и изложено на смрт и исчезнување.

Не може да се обожува човек, кип, дрво или животно!

На разумниот не му доликува да обожува нешто што не е совршено. Како тогаш да обожува создание кое е поминорно од него!

Господар не може да биде ембрион во матката на жена, кој  се раѓа како што се раѓаат децата.

Господар е Тој што создал сѐ. Сѐ создадено е во Негови раце и Му е потчинето. Не е можно некој човек да Му нанесе штета, да Го распне на крст, да Го измачува и понижува!

Господарот не може да умре!

Господарот е Тој што не заборава, не спие, не јаде. Тој е Величествен и не е можно да има сопруга или дете. Создателот поседува совршени атрибути и не може никогаш да Му се припише недостаток или потреба. Сите текстови, кои им се припишуваат на пратениците, а во кои се наведува нешто што е во спротивност на Големината на Создателот се искривени и не се дел од автентичната Божја објава со која беа пратени Муса, Иса и другите пратеници, Божјиот мир нека е над сите.

Аллах, Возвишениот, вели:

يَا أَيُّهَا النَّاسُ ضُرِبَ مَثَلٌ فَاسْتَمِعُوا لَهُ إِنَّ الَّذِينَ تَدْعُونَ مِنْ دُونِ اللَّهِ لَنْ يَخْلُقُوا ذُبَابًا وَلَوِ اجْتَمَعُوا لَهُ وَإِنْ يَسْلُبْهُمُ الذُّبَابُ شَيْئًا لَا يَسْتَنْقِذُوهُ مِنْهُ ضَعُفَ الطَّالِبُ وَالْمَطْلُوبُ (73) مَا قَدَرُوا اللَّهَ حَقَّ قَدْرِهِ إِنَّ اللَّهَ لَقَوِيٌّ عَزِيزٌ (74)

„О, луѓе, еве еден пример, па послушајте го: Тие што, покрај Аллах, ги молите, не можат никако ни мушичка да создадат, па дури и поради неа да се соберат. А ако мушичката нешто би им зела, тие тоа не би можеле од неа да го вратат, слаб е тој што бара и тоа што се бара!

Тие не Го познаваат Аллах како што треба, а Аллах е навистина Моќен и Силен.“ Куран, 22:73-74

## Дали е логички прифатливо Создателот да нè остави без објава која упатува?

Дали е сфатливо, Аллах бесцелно да ги создаал сите овие созданија? Дали залудно ги создал, а Тој е Мудриот и Сезнајниот?

Дали е разумно дека Тој нè создал толку прецизно и педантно, ни подредил сè што е на небесата и на Земјата, и тоа Негово создавање да е бесцелно, нè оставил без одговор на најважните прашања кои нè преокупираат, како на пример: Зошто сме тука? Што се случува по смртта? Која е целта на нашето постоење?

Напротив, Аллах праќал пратеници за да ја осознаеме целта на нашето постоење и за тоа што бара нашиот Господар од нас!

Аллах пратил пратеници за да нè информираат дека единствено Тој заслужува да биде обожуван, да знаеме како да Го обожуваме, да ни ги пренесат Неговите забрани и наредби, да нè поучат за благородните вредности, кои доколку ги прифатиме, нашиот живот ќе биде убав, исполнет со добрини и благодати.

Аллах испратил многу пратеници како на пример Нух, Ибрахим, Муса и Иса. На истите Аллах им дал знаци и натприродни појави кои укажуваат на нивната искреност и дека се пратени од Создателот.

Последниот пратеник е Мухамед, Аллаховиот мир и спас нека се над него, Аллах му го објави Благородниот Куран.

Божјите пратеници, јасно ни објасниле дека животот на овој свет е испит и дека вистинскиот живот е по смртта.

Нè информирале дека постои Џенет за верниците кои само Аллах Единствениот го обожувале, верувале во сите Божји пратеници и дека постои Џехенем, подготвен како казна за неверниците, кои обожувале други со Аллах или неверувале во кој било Божји пратеник.

Аллах Возвишениот вели:

يَابَنِي آدَمَ إِمَّا يَأْتِيَنَّكُمْ رُسُلٌ مِنْكُمْ يَقُصُّونَ عَلَيْكُمْ آيَاتِي فَمَنِ اتَّقَى وَأَصْلَحَ فَلَا خَوْفٌ عَلَيْهِمْ وَلَا هُمْ يَحْزَنُونَ (35) وَالَّذِينَ كَذَّبُوا بِآيَاتِنَا وَاسْتَكْبَرُوا عَنْهَا أُولَئِكَ أَصْحَابُ النَّارِ هُمْ فِيهَا خَالِدُونَ (36)

„О, синови Адемови, кога меѓу вас самите ќе ви доаѓаат Пратеници кои прописите Мои ќе ви ги објаснуваат – тогаш тие што ќе се плашат од Аллах и што ќе прават добри дела од ништо нема да се плашат ниту за што било ќе тагуваат;

а тие што доказите Наши ќе ги негираат, и од нив горделиво ќе се свртуваат, ќе бидат жители во Огнот, во него вечно ќе останат!“

Куран, 7:35-36

И вели Возвишениот:

﴿ أَفَحَسِبْتُمْ أَنَّمَا خَلَقْنَاكُمْ عَبَثًا وَأَنَّكُمْ إِلَيْنَا لَا تُرْجَعُونَ ﴾

„Зарем мислите дека залудно ве создадовме и дека нема да Ни се вратите?“ Куран, 23:115

## Благородниот Куран

Благородниот Куран е говор на Аллах кој му бил објавен на последниот веровесник Мухамед. Тоа е неговиот најголем натприроден знак што укажува на вистинитоста на неговата мисија. Во Куранот има праведни прописи и вистинити информации, а Аллах ги предизвикал неверниците да состават барем едно поглавје слично на некое куранско поглавје. Тоа тие не можеа да го направат поради убавината на куранскиот стил и изразувањето. Куранот содржи бројни рационални докази и научни вистини кои укажуваат дека оваа книга не можел да ја состави човек. Напротив, се работи за

Господарот на човештвото, Возвишениот и Славениот.

## Зошто имаше повеќе Божји пратеници?

Имено, Аллах уште од почетокот на човештвото праќал пратеници за да ги повикуваат луѓето да обожуваат само еден Господ, и да им ги достават наредбите и забраните од Него. Повикот на сите нив беше единствен: само Семоќниот Аллах мора да се обожува. Секогаш кога практиките поврзани со објавата се менувале и искривувале кај некој народ, Семоќниот испраќал гласник за да го исправи текот и да ги врати на патот на монотеизмот и покорноста кон Бога. Така беше сè додека Аллах не го испрати последниот пратеник Мухамед ﷺ, кој е пратен со општ верозакон кој важи за сите луѓе до Судниот ден. Овој верозакон ги надополнува и дерогира сите досегашни кои беа на сила. Возвишениот Господар ги осигурал опстојувањето и заштитата на овој верозакон до Судниот ден.

Следствено, ние муслиманите, како што ни е наредено од Аллах, веруваме во сите претходни Пратеници и објавени Книги.

Аллах, Возвишениот, вели:

﴿ءَامَنَ ٱلرَّسُولُ بِمَآ أُنزِلَ إِلَيۡهِ مِن رَّبِّهِۦ وَٱلۡمُؤۡمِنُونَۚ كُلٌّ ءَامَنَ بِٱللَّهِ وَمَلَـٰٓئِكَتِهِۦ وَكُتُبِهِۦ وَرُسُلِهِۦ لَا نُفَرِّقُ بَيۡنَ أَحَدٖ مِّن رُّسُلِهِۦۚ وَقَالُواْ سَمِعۡنَا وَأَطَعۡنَاۖ غُفۡرَانَكَ رَبَّنَا وَإِلَيۡكَ ٱلۡمَصِيرُ﴾ [2: 285].

Пратеникот верува во тоа што му се објавува од Господарот негов, и верниците, секој од нив верува во Аллах, и во мелеците Негови, и во Книгите Негови, и во Пратениците Негови: „Ние не правиме поделба меѓу Пратениците Негови“. И велат: „Слушаме и се покоруваме. Те молиме за прошка, Господару наш, Тебе ќе Ти се вратиме“.

Куран, 2:285

## Човек не може да биде верник сè додека не поверува во сите Пратеници

Аллах е Тој што ги пратил Божјите пратеници и секој кој ќе го негира пратеништвото на еден од нив станува неверник. Нема поголем грев од тоа да се отфрли тоа што Аллах го објавил. За влез во рајот, услов е верувањето во сите Пратеници.

Должност за секого во ова време е да верува во сите Божји пратеници а тоа нема да биде потполно без да верува и да го следи последниот и печатот на пратеништвото-Мухамед ﷺ.

Возвишениот во Благородниот Куран спомнува дека секој оној кој одбива да верува во било кој од Божјите пратеници станува неверник и негатор на Божјата објава.

Прочитај го следниот ајет:

"إِنَّ الَّذِينَ يَكْفُرُونَ بِاللَّهِ وَرُسُلِهِ وَيُرِيدُونَ أَنْ يُفَرِّقُوا بَيْنَ اللَّهِ وَرُسُلِهِ وَيَقُولُونَ نُؤْمِنُ بِبَعْضٍ وَنَكْفُرُ بِبَعْضٍ وَيُرِيدُونَ أَنْ يَتَّخِذُوا بَيْنَ ذَلِكَ سَبِيلًا أُولَئِكَ هُمُ الْكَافِرُونَ حَقًّا وَأَعْتَدْنَا لِلْكَافِرِينَ عَذَابًا مُهِينًا﴾".

Тие што не веруваат во Аллах и во Пратениците Негови и сакаат помеѓу Аллах и Пратениците Негови разлика во верувањето да направат, велат: „Во некои веруваме, а во некои не веруваме“, и сакаат помеѓу тие две некаков пат да изнајдат –

тие навистина се вистински неверници; а Ние на неверниците им подготвивме срамно страдање!“ Куран, 4:150-151

## Ислам, што е тоа?

Исламот е потчинување на Семоќниот Алах верувајќи само во Него, преданост на Аллах преку покорност и преку спроведување на Неговите верозакони со потполно прифаќање и согласност.

Аллах Возвишениот ги праќал Своите пратеници со единствена порака: Да повикуваат во обожување на Аллах Единствениот кому никој не Му е рамен.

Исламот е вера на сите Божји пратеници. Нивниот повик е ист а им се разликуваат верозаконите. Денес, единствено муслиманите се придржуваат до вистинската вера во која повикуваа сите Пратеници. Само пораката на исламот е вистинита во ова време. Господарот

кој ги испратил Ибрахим, Муса и Иса е истиот Тој кој го испратил и последниот Пратеник Мухамед ﷺ.

Сите религии, кои луѓето ги исповедаат, освен исламот, се религии кои ги фабрикувале луѓето, или биле религии објавени од Бога со кои се поиграле луѓето и ги претвориле во мешавина на празноверија и човечки наследени измислици. Од друга страна, верувањето на муслиманите е единствено, јасно и неменливо. Погледнете го Куранот, тој е единствената книга во сите муслимански земји.

Возвишениот Аллах во Куранот вели:

قُلْ آمَنَّا بِاللَّهِ وَمَا أُنْزِلَ عَلَيْنَا وَمَا أُنْزِلَ عَلَى إِبْرَاهِيمَ وَإِسْمَاعِيلَ وَإِسْحَاقَ وَيَعْقُوبَ وَالْأَسْبَاطِ وَمَا أُوتِيَ مُوسَى وَعِيسَى وَالنَّبِيُّونَ مِنْ رَبِّهِمْ لَا نُفَرِّقُ بَيْنَ أَحَدٍ مِنْهُمْ وَنَحْنُ لَهُ مُسْلِمُونَ (84) وَمَنْ يَبْتَغِ غَيْرَ الْإِسْلَامِ دِينًا فَلَنْ يُقْبَلَ مِنْهُ وَهُوَ فِي الْآخِرَةِ مِنَ الْخَاسِرِينَ (85).

Кажи: „Ние веруваме и во Аллах и во тоа што ни е објавено нам, и во тоа што им е објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб и на потомците; и во тоа што им е дадено на Муса и на Иса и на веровесниците од Господарот нивен; ние никаква разлика меѓу нив не правиме и само Нему искрено Му се предаваме“.

А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.

Куран, 3:84-85

## Како веруваат муслиманите во Иса, алејхи селам

Дали сте знаеле дека муслиманите се должни да веруваат во Аллаховиот пратеник Иса (Исус), да го сакаат, да го почитуваат и да веруваат во неговото пратеништво кое беше: повикот да се обожува Аллах Единиот! Муслиманите веруваат дека и Иса и Мухамед, салаллаху алејхима ве селем, се Божји пратеници, испратени да ги упатат луѓето на Аллаховиот пат и на патот кон Џенетот.

Веруваме дека Иса, алејхи селам, е еден од најголемите Пратеници кои ги пратил Аллах, Возвишениот. Веруваме дека е роден на натприроден начин за кој Аллах нè известил во Куранот, дека е роден без да има татко, како што го создал и Адем без да има ниту татко ниту мајка. Аллах навистина е Семоќен.

Веруваме и дека Иса не е бог, ниту пак син Божји. Не е распнат на крст, жив е и Аллах го воздигнал кај Себе. Пред крајот на светот ќе се врати на Земјата како праведен владетел, ќе им се приклучи на муслиманите затоа што само тие го исповедаат монотеизмот со кој бил пратен Иса и останатите Божји пратеници.

Возвишениот Аллах во Куранот ни соопштил дека пораката на Иса ја искривиле христијаните. Во заблуда и далеку од правиот

пат некои луѓе го менувале текстот на Евангелието додавајќи зборови кои не ги изговорил Иса. Потврда за тоа се бројните верзии на Евангелијата со бројни контрадикторности во нив самите.

Аллах ни соопштил дека Иса го обожувал својот Господар и не барал од никого да биде обожуван самиот тој. Напротив, на својот народ му наредувал да го обожуваат нивниот Создател. Шејтанот е тој што христијаните ги навел да го обожуваат Иса. Аллах во Куранот ни дал до знаење дека нема никому да му прости за обожување на некој друг освен Аллах. На Судниот ден Иса ќе се дистанцира од сите кои го обожувале и ќе им каже: „Ви наредив да го обожувате Создателот и не барав од вас де ме обожувате.“ Доказ за ова се зборовите на Возвишениот:

﴿يَـٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَـٰبِ لَا تَغْلُوا۟ فِى دِينِكُمْ وَلَا تَقُولُوا۟ عَلَى ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْحَقَّ ۚ إِنَّمَا ٱلْمَسِيحُ
عِيسَى ٱبْنُ مَرْيَمَ رَسُولُ ٱللَّهِ وَكَلِمَتُهُۥٓ أَلْقَىٰهَآ إِلَىٰ مَرْيَمَ وَرُوحٌ مِّنْهُ ۖ فَـَٔامِنُوا۟ بِٱللَّهِ
وَرُسُلِهِۦ ۖ وَلَا تَقُولُوا۟ ثَلَـٰثَةٌ ۚ ٱنتَهُوا۟ خَيْرًا لَّكُمْ ۚ إِنَّمَا ٱللَّهُ إِلَـٰهٌ وَٰحِدٌ ۖ سُبْحَـٰنَهُۥٓ أَن يَكُونَ لَهُۥ
وَلَدٌ ۘ لَّهُۥ مَا فِى ٱلسَّمَـٰوَٰتِ وَمَا فِى ٱلْأَرْضِ ۗ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ وَكِيلًا﴾

О, следбеници на Книгата, не застранувајте во своето верување и за Аллах зборувајте ја само вистината! Месих, Иса, синот Мерјемин, е само Аллахов Пратеник, создаден е со Зборот Негов кој на Мерјем ѝ го достави, и живот му даде; затоа верувајте во Аллах и во Неговите Пратеници и не велете: „Тројца се!“ Престанете,

подобро е за вас! Аллах е само еден Бог, славен нека е Тој, зарем Тој да има дете?! Негово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, и Аллах е доволен сведок.

Куран, 4:171

Возвишениот Аллах вели:

(وَإِذْ قَالَ اللَّهُ يَا عِيسَى ابْنَ مَرْيَمَ أَأَنتَ قُلْتَ لِلنَّاسِ اتَّخِذُونِي وَأُمِّيَ إِلَٰهَيْنِ مِن دُونِ اللَّهِ ۖ قَالَ سُبْحَانَكَ مَا يَكُونُ لِي أَنْ أَقُولَ مَا لَيْسَ لِي بِحَقٍّ ۚ إِن كُنتُ قُلْتُهُ فَقَدْ عَلِمْتَهُ ۚ تَعْلَمُ مَا فِي نَفْسِي وَلَا أَعْلَمُ مَا فِي نَفْسِكَ ۚ إِنَّكَ أَنتَ عَلَّامُ الْغُيُوبِ

А кога Аллах ќе рече: „О, Иса, сине Мерјемин, ти ли им говореше на луѓето: ‚Прифатете ме мене и мајката моја како две божества покрај Бог?‘“ – тој ќе рече: „Чист си Ти од тоа! Мене не ми доликува да зборувам за тоа што немам право. Ако тоа јас сум го говорел, Ти тоа веќе го знаеш; Ти знаеш што има во мене, а јас не знам што има во Тебе; Само Ти, Единиот, знаеш сè што е скриено!“ Куран, 5:116

Кој посакува да биде спасен на оној свет, нека влезе во исламот и нека го следи Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем.

Од вистините околу кои се сложни сите Пратеници и Веровесници е и таа дека на оној свет нема да биде спасен никој освен муслиманите кои верувале во Аллах и кои не му припишувале на Аллах здруженик при обожувањето, верувале во сите Божји пратеници и Веровесници. Тие кои живееле во

времето на Муса, верувале во него и ги следеле неговите учења, биле муслимани и вистински верници.  Тие што отфлиле да му веруваат на Иса и кажале дека ќе останат во верата на Муса, тие се неверници кои отфрлиле да веруваат во Пратеник од Бога. По  пратеништвото на Мухамед, кој е последниот Божји пратеник,сите се обврзани да веруваат во него. Аллах е истиот Тој Господар кој, како што ги пратил Муса и Иса, го испратил и печатот на сите Пратеници, Мухамед. Кој не верува во пратеништвото на Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, и кој вели „Ќе останам во верата на Муса или Иса“, тој не е верник.

Не е доволно некој да изјави дека ги почитува муслиманите, да биде милосрден и да им помага на сиромашните за да биде спасен на идниот свет. Неминовно е да верува во Аллах, во Неговите Книги, во Неговите пратеници и во Последниот ден, за Аллах да ги прими неговите дела. Нема поголем грев од многубоштвото, неверството и отфрлуваањето на дојдената објава од Аллах , како што е пратеништвото на последниот Божји пратеник Мухамед ﷺ. Евреите и христијаните кои слушнале за пратеништвото на Божјиот пратеник ﷺ Мухамед, кои одбиваат да веруваат во него и да го прифатат исламот, засекогаш ќе бидат во пеколниот оган. За ова Возвишениот вели:

{إِنَّ الَّذِينَ كَفَرُوا مِنْ أَهْلِ الْكِتَابِ وَالْمُشْرِكِينَ فِي نَارِ جَهَنَّمَ خَالِدِينَ فِيهَا ۚ أُولَـٰئِكَ هُمْ شَرُّ الْبَرِيَّةِ}

Тие што не веруваат од следбениците на Книгата и многубошците, сигурно ќе бидат во огнот џехенемски, во кој вечно ќе останат; – тие се најлошите суштества.

Куран, 98:6

Земајќи предвид дека последната Божја објава му е доставена на човештвото, должност е на секој поединец што ќе слушне за последниот Божји пратеник Мухамед ﷺ да верува во него, да го следи неговиот верозакон и да му се покорува во неговите наредби и забрани. Сходно на тоа секој оној кој ќе слушне за оваа последна објава и ќе ја отфрли, од него нема да се прими ниту едно дело и ќе биде казнет на идниот свет. Некои од доказите за ова тврдење се:

﴿وَمَن يَبۡتَغِ غَيۡرَ ٱلۡإِسۡلَٰمِ دِينٗا فَلَن يُقۡبَلَ مِنۡهُ وَهُوَ فِي ٱلۡأٓخِرَةِ مِنَ ٱلۡخَٰسِرِينَ﴾

„А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.“

Куран, 3:85

Возвишениот исто така вели:

(قُلْ يَا أَهْلَ الْكِتَابِ تَعَالَوْا إِلَىٰ كَلِمَةٍ سَوَاءٍ بَيْنَنَا وَبَيْنَكُمْ أَلَّا نَعْبُدَ إِلَّا اللَّهَ وَلَا نُشْرِكَ بِهِ شَيْئًا وَلَا يَتَّخِذَ بَعْضُنَا بَعْضًا أَرْبَابًا مِّن دُونِ اللَّهِ ۚ فَإِن تَوَلَّوْا فَقُولُوا اشْهَدُوا بِأَنَّا مُسْلِمُونَ)

Кажи: „О, следбеници на Книгата, дојдете да се собереме околу зборот, и нам и вам заеднички, никого освен Аллах да не обожуваме, ништо да не Му здружуваме, и едни со други, покрај Аллах, за божества да не се сметаме!“ Па ако не се согласат, вие кажете: „Бидете сведоци дека ние сме муслимани!“ Куран, 3:64

## Кои се моите должности за да бидам муслиман?

За да го прифатиш исламот должен си да веруваш во овие шест столбови:

Верување во Аллах кој е Создател, Снабдувач и Владетел кој управува со сѐ, ништо не Му е слично, нема сопруга ниту дете и единствено Тој со право се обожува.

Верување во мелеците кои се Аллахови робови, кои Тој ги создал од светлина и одредил некои од нив да ја доставуваат Божјата објава до Пратениците.

Верување во сите книги кои Аллах им ги објавил на Божјите пратеници (како што се Тевратот и Инџилот) и во последната, Благородниот Куран.

Верување во сите Пратеници како што се Нух, Ибрахим, Муса, Иса и останатите. Сите тие беа од човечкиот вид, поддржани со објавата и им

биле дадени  натприродни знаци (чуда) кои ја потврдуваат нивната вистинитост.

Верување во Судниот ден, кога Аллах ќе ги проживее сите луѓе, и првите и последните, Аллах ќе им суди на сите. Верниците ќе влезат во Џенет за неверниците во Џехенем.

Верување во Божјата предодредба и дека Аллах знае сè, што било во минатото и што ќе се случи во иднина. Аллах сето тоа го запишал, сакал да се случи и сè создал.

## Исламот,  е патот кон среќата.

Исламот е верата на сите Пратеници и не е вера посебна  само за Арапите.

Исламот е пат кој води до вистинската среќа на овој свет и до вечна благосостојба на идниот свет.

Исламот е единствената вера која може да им удоволи на потребите на душата и телото, и може да ги реши сите проблеми на човештвото.

Аллах, Возвишениот, вели:

{قَالَ اهْبِطَا مِنْهَا جَمِيعًا بَعْضُكُمْ لِبَعْضٍ عَدُوٌّ فَإِمَّا يَأْتِيَنَّكُمْ مِنِّي هُدًى فَمَنِ اتَّبَعَ
هُدَايَ فَلا يَضِلُّ وَلا يَشْقَى وَمَنْ أَعْرَضَ عَنْ ذِكْرِي فَإِنَّ لَهُ مَعِيشَةً ضَنْكًا
وَنَحْشُرُهُ يَوْمَ الْقِيَامَةِ أَعْمَى

„Излегувајте од него сите,“ – рече Тој – „едни на други непријатели ќе бидете! Од Мене упатство ќе ви доаѓа, и тој што ќе го следи Моето Упатство нема да заталка и нема несреќен да биде.

А тој што ќе се заврти од Опомената Моја, тој тежок живот ќе живее и на Судниот ден слеп ќе го оживееме.“

Куран, 20:123-124

## Кои се моите придобивки од прифаќањето на исламот?

Прифаќањето на исламот со себе носи големи придобивки меѓу кои се:

Успехот и честа, човекот на овој свет да биде Аллахов роб. Во спротивно ќе биде роб на неговите страсти, на шејтанот и неговите нагони.

Најголемиот успех е на идниот свет, кога ќе биде спасен од казната во оган и кога ќе влезе во Џенетот. Тогаш ќе го постигне Аллаховото задоволство и вечното уживање во рајот.

Тие кои Аллах ќе ги воведе во Џенетот, ќе живеат во вечна благосостојба. Таму нема смрт, ниту каков било вид на болест, болка, тага или стареење. Ќе им биде дадено сè што посакуваат.

Во Џенетот има уживања кои окото не ги видело, увото за нив не слушнало, ниту пак човек може да ги замисли.

Од доказите за тоа се зборовите на Возвишениот:

﴿مَنۡ عَمِلَ صَٰلِحٗا مِّن ذَكَرٍ أَوۡ أُنثَىٰ وَهُوَ مُؤۡمِنٞ فَلَنُحۡيِيَنَّهُۥ حَيَوٰةٗ طَيِّبَةٗۖ وَلَنَجۡزِيَنَّهُمۡ أَجۡرَهُم بِأَحۡسَنِ مَا كَانُواْ يَعۡمَلُونَ﴾

„На тој што прави добро, било маж или жена, а верник е, Ние ќе му дадеме да проживее убав живот и навистина ќе ги наградиме со подоброто од што го правеле.“ Куран, 16:97

## Што ќе изгубам ако го отфрлам исламот?

Човек ќе го изгуби најголемото знаење и спознание, знаењето и спознанието на Аллах. Ќе го изгуби верувањето во Аллах кое му пружа сигурност и смиреност на овој свет и вечни уживања на идниот свет.

Нема да има можност да се запознае со највеличествената книга која Аллах им ја објавил на луѓето и верувањето во оваа возвишена книга.

Нема да верува во великаните пратеници и нема да ја има привилегијата да се дружи со нив во Џенетот на Судниот ден. Ќе биде заедно со шејтаните, злосторниците и неправедниците во џехенемскиот оган. А каков лош дом е тоа и какво лошо друштво се тие.

Возвишениот Аллах рекол:

قُلْ إِنَّ الْخَاسِرِينَ الَّذِينَ خَسِرُوا أَنْفُسَهُمْ وَأَهْلِيهِمْ يَوْمَ الْقِيَامَةِ أَلا ذَلِكَ هُوَ الْخُسْرَانُ الْمُبِينُ (15) لَهُمْ مِنْ فَوْقِهِمْ ظُلَلٌ مِنَ النَّارِ وَمِنْ تَحْتِهِمْ ظُلَلٌ ذَلِكَ يُخَوِّفُ اللَّهُ بِهِ عِبَادَهُ يَا عِبَادِ فَاتَّقُونِ } .

„...а вие, покрај Него, обожувајте кого сакате!“ Кажи: „Губитници се, навистина, тие што на Судниот Ден ќе се изгубат и себеси и семејствата свои. Ете, тоа е очигледен губиток!“

Над нив ќе има слоеви од Оган, а и под нив слоеви; со тоа Аллах ги застрашува робовите Свои. „О, робови Мои, плашете се од Мене!“

Куран, 39:15-16

## Не ја одложувај одлуката!

Овој свет не е вечен...

Сите негови убавини ќе ги снема и ќе згасне секоја желба...

Ќе дојде ден на кој ќе полагаш сметка за сè што си работел, а тој ден е Судниот ден. Аллах, Возвишениот, рекол:

{وَوُضِعَ الْكِتَابُ فَتَرَى الْمُجْرِمِينَ مُشْفِقِينَ مِمَّا فِيهِ وَيَقُولُونَ يَا وَيْلَتَنَا مَالِ هَذَا الْكِتَابِ لاَ يُغَادِرُ صَغِيرَةً وَلاَ كَبِيرَةً إِلاَّ أَحْصَاهَا وَوَجَدُوا مَا عَمِلُوا حَاضِرًا وَلاَ يَظْلِمُ رَبُّكَ أَحَدًا}

„И Книгата ќе биде поставена и ќе ги видите грешниците преплашени поради тоа што е во неа. „Тешко нам!“ – ќе зборуваат – „Каква е оваа книга, ни мал ни голем грев не пропуштила, сè набројала?!“ – И ќе го видат запишано тоа што го правеле. Господарот твој нема никому да му направи неправда.“ Куран, 18:49

Аллах, Семоќниот и Возвишениот, нè известил дека човек кој нема да го прими исламот засекогаш и вечно ќе престојува во џехенемскиот оган.

Ова не е мал, напротив е огромен губиток за кој Аллах вели:

{وَمَن يَبْتَغِ غَيْرَ الْإِسْلَامِ دِينًا فَلَن يُقْبَلَ مِنْهُ وَهُوَ فِي الْآخِرَةِ مِنَ الْخَاسِرِينَ }

„А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.“ Куран, 3:85

Исламот е единствената вера прифатена од Аллах.

Аллах нè создал и Нему ќе Му се вратиме. Овој свет е испит за нас.

Биди убеден, овој живот е краток и наликува на сон... Никој не знае кога ќе умре

Кој ќе биде твојот одговор кога твојот Создател на Судниот ден ќе те праша: Зошто не ја следеше вистината? Зошто не го следеше последниот од сите Пратеници?

Како ќе му одговориш на твојот Господар на Судниот ден, Кој те предупредил на последиците од неверувањето и неприфаќањето на исламот, ти дал до знаење дека неверниците се несреќници кои засекогаш ќе бидат во Огнот?

Аллах, Возвишениот рекол:

﴿وَالَّذِينَ كَفَرُوا وَكَذَّبُوا بِآيَاتِنَا أُولَئِكَ أَصْحَابُ النَّارِ هُمْ فِيهَا خَالِدُونَ﴾ [2: 39].

„А тие што нема да веруваат и кои ајетите Наши ќе ги негираат, жители на Огнот ќе станат и во него вечно ќе останат.“

Куран, 2:39

## Нема оправдување за напуштање на вистината следејќи ги слепо татковците и дедовците.

Аллах нѐ известил дека многу луѓе одбиваат да го прифатат исламот плашејќи се од средината во која живеат:

Многумина го отфрлаат исламот затоа што не сакаат да ги променат своите убедувања што ги наследиле од нивните предци и на кои се навикнале. Многумина од нив не го прифаќаат исламот поради фанатизмот и слепата лојалност кон невистината што ја наследиле.

Никој од нив нема да има оправдание за тоа и ќе застанат пред Аллах без никаков аргумент во нивна полза.

Не е во ред, на пример, атеист да инсистира на атеизам со изговор дека израснал во такво семејство. Напротив, негова должност е да го користи разумот со кој Аллах го почестил и да размислува за грандиозноста на небесата и Земјата. Доколку така размислуваше, ќе разбереше дека овој универзум има свој Создател. На ист начин, оној кој обожува камења и статуи не може да се оправда со фактот дека ги следел своите предци. Тој треба да ја бара вистината и да се запраша: „Како да му се поклонувам на неживо суштество кое не

ме слуша, ниту ме гледа, ниту може некако да ми користи?!“

Исто така, христијанинот, кој верува во работи што се спротивставуваат на природноста и разумот, мора да се запраша: „Како може Бог да го жртвува Својот син кој не правел гревови заради гревовите на другите луѓе?! Неправедно е! Како можат луѓето да распнат и убијат Божји син?! Зарем Бог не може да им ги прости гревовите на луѓето без да им дозволи да го убијат Неговиот син? Зарем Бог не може да го заштити сопствениот син?

Должност на разумниот човек е да ја следи вистината, а не да ги следи своите предци во заблудата.

Возвишениот Господар вели:

﴿وَإِذَا قِيلَ لَهُمْ تَعَالَوْاْ إِلَىٰ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ وَإِلَى ٱلرَّسُولِ قَالُواْ حَسْبُنَا مَا وَجَدْنَا عَلَيْهِ ءَابَآءَنَآۚ أَوَلَوْ كَانَ ءَابَآؤُهُمْ لَا يَعْلَمُونَ شَيْـًٔا وَلَا يَهْتَدُونَ﴾

А кога ќе им се каже: „Пристапете кон тоа што ви го објавува Аллах и кон Пратеникот!“, тие одговараат: „Доволно ни е тоа што од предците наши сме го запомниле.“ Зарем иако предците нивни ништо не знаеја иако на Вистинскиот пат не беа?! Куран, 5:104

## Што треба да направи човек кој сака да го прифати исламот, но се плаши од

**непријатностите кои можат да му ги предизвикаат неговите роднини?**

Оној којшто сака да го прифати исламот, а се плаши од средината во која живее, дозволено му е да го прифати исламот и тоа да го сокрие сѐ додека Аллах не му овозможи излез кон доброто, кога ќе стане независен и ќе може го манифестира јавно исламот.

Твоја обврска е веднаш да го прифатиш исламот, но не си должен да ги известиш тие околу тебе дека си го примил исламот или јавно да обзнаниш дека си муслиман. Вака ќе направиш доколку се плашиш од можна штета за себе.

Знај дека ако го примиш исламот ќе станеш брат на милиони муслимани. Можеш да контактираш со џамија или исламски центар во твојата земја, да се посоветуваш со нив и да побараш нивна помош. Тие ќе бидат среќни да ти помогнат.

Аллах, Возвишениот, вели:

{وَمَنْ يَتَّقِ اللَّهَ يَجْعَلْ لَهُ مَخْرَجًا وَيَرْزُقْهُ مِنْ حَيْثُ لَا يَحْتَسِبُ}

„...на тој што се плаши од Аллах, Тој ќе му најде излез, и ќе го снабди од каде што не се надева;“

Куран, 65:2-3

## Почитуван читателу,

зарем не е поважно твојот Создател, Аллах, да биде задоволен од тебе, отколку да се трудиш да им угодиш на луѓето? Аллах ти ги дал сите благодати, те хранел и кога си бил ембрион во утробата на мајка ти, ти го дал и воздухот во моментов што го дишеш!

Успехот и спасението на овој и на идниот свет, зарем не заслужуваат за нив да ги жртвуваме сите помалку вредни уживања од овој минлив живот? Да, се колнам во Аллах дека заслужуваат!

Не дозволувај твоето минато да те спречи да го коригираш твојот погрешен пат и да направиш нешто исправно.

Денес, биди вистински верник! Не му дозволувај на ѓаволот да те спречи да ја следиш вистината!

Аллах, Возвишениот, рекол:

{يَا أَيُّهَا النَّاسُ قَدْ جَاءَكُمْ بُرْهَانٌ مِنْ رَبِّكُمْ وَأَنزلْنَا إِلَيْكُمْ نُورًا مُبِينًا (174) فَأَمَّا الَّذِينَ آمَنُوا بِاللَّهِ وَاعْتَصَمُوا بِهِ فَسَيُدْخِلُهُمْ فِي رَحْمَةٍ مِنْهُ وَفَضْلٍ وَيَهْدِيهِمْ إِلَيْهِ صِرَاطًا مُسْتَقِيمًا (175) }

„О, луѓе, доказот од Господарот ваш веќе ви стигна и Ние ви ја објавивме Јасната Светлина!

Тие што во Аллах ќе веруваат и цврсто до Него ќе се придржуваат, Тој сигурно во Својата милост и благодат ќе ги воведе, и на Правиот пат кон Себе ќе ги упати!“

Куран, 4:174-175

## Дали си подготвен да ја донесеш најважната одлука во твојот живот?

Доколку сметаш дека сè она кое го кажавме претходно ти е логично и доколку со срце си ја прифатил вистината, треба да го направиш првиот чекор за да станеш муслиман. Дали сакаш да ти помогнам да ја донесеш најдобрата одлука во твојот живот и да те упатам како да станеш муслиман?

Не дозволувај твоите гревови да те спречат да го прифатиш исламот. Аллах во Куранот нè известил дека Аллах ќе ги прости гревовите на оној кој ќе го прифати исламот и ќе му се покае на својот Создател. Сосема нормално е и дека по примањето на исламот ќе грешиме, затоа што сме луѓе, а не безгрешни ангели. Меѓутоа од нас се бара да бараме прошка од Аллах и да се покаеме. Кога на Аллах ќе му покажеме дека брзаме да ја прифатиме вистината, да влеземе во исламот и да ги изговориме двете сведоштва, Тој ќе ни помогне да ги оставиме гревовите. Кој ќе се сврти кон Аллах и ќе ја следи вистината, Аллах ќе му овозможи уште повеќе добрини да направи. Затоа, не двоуми се и прими го исламот:

Во тој контекст Аллах Возвишениот, вели:

﴿قُل لِّلَّذِينَ كَفَرُوٓاْ إِن يَنتَهُواْ يُغۡفَرۡ لَهُم مَّا قَدۡ سَلَفَ﴾

„Кажи им на тие што не веруваат: ако престанат, ќе им биде простено тоа што било претходно; но ако не престанат, па се знае што се случи со древните народи." Куран, 8:38

## Што треба да направам за да станам муслиман?

Влезот во ислам е лесен и не бара одредени ритуали и официјални церемонии. Човекот е само должен да ги изговори двете сведочења, знаејќи го нивното значење. Тоа ќе го направи изговарајќи „Ешхеду ен ла илахе ил-лаллах ве ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах“/„Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах и сведочам дека Мухамед е Аллахов пратеник“. Доколку ти е полесно, не си должен ова да го изговориш на арапски јазик и можеш да го изговориш на твојот јазик. Така ќе станеш муслиман. Потоа си должен да учиш за твојата вера, изворот на твојот успех на овој свет и на спасението на идниот свет.

За повеќе информации околу исламот ти препорачувам да ги посетиш овие страници:

Доколку сакаш да научиш како да го практикуваш исламот, ти препорачуваме да го посетиш овој сајт:

# Содржина

Кој ме создал? И зошто?..........2
Сè укажува на постоење на Создателот..........2
Аллах Славениот и Возвишениот..........3
Атрибутите на Возвишениот Господар..........4
Обожуваниот Господар поседува атрибути на апсолутна совршеност..........5
Дали е логички прифатливо Создателот да нè остави без објава која упатува?..........7
Благородниот Куран..........9
Зошто имаше повеќе Божји пратеници?..........10
Човек не може да биде верник сè додека не поверува во сите Пратеници..........11
Ислам, што е тоа?..........12
Како веруваат муслиманите во Иса, алејхи селам..........14
Кои се моите должности за да бидам муслиман?..........19
Исламот, е патот кон среќата...........20
Кои се моите придобивки од прифаќањето на исламот?..........21
Што ќе изгубам ако го отфрлам исламот?..........22
Не ја одложувај одлуката!..........23
Нема оправдување за напуштање на вистината следејќи ги слепо татковците и дедовците...........25
Што треба да направи човек кој сака да го прифати исламот, но се плаши од непријатностите кои можат да му ги предизвикаат неговите роднини?..........26
Почитуван читателу,..........28
Дали си подготвен да ја донесеш најважната одлука во твојот живот?..........29
Што треба да направам за да станам муслиман?..........30